# Потпишани првите договори за одобрување на средства за инвестиции за набавка на земјоделска опрема и механизација за житни и индустриски култури




На ден 06.11.2015 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се склучија првите договори за финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година за мерка 121 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства, подмерка 121.5 Инвестиции во земјоделска опрема и механизација за житни и индустриски култури.



На јавниот повик број 05/2015, кој беше отворен од 01.07.2015 до 01.09.2015 година, беа доставени 1642 барања за користење на средства од оваа мерка, од кои одобрени се 421 барање со вкупна вредност на финансиска поддршка за која се склучуваат овие договори во висина од 120 милиони денари. Склучените договори за финансиска поддршка се однесуваат на 200 трактори и други 900 парчиња приклучна механизација за обработка на почва, транспорт и собирање на земјоделско производство.



На прес-конференцијата која се одржа по повод скучување на овие договори, директортката г-ѓа Билјана Вуковиќ истакна дека ова е прва мерка која што се спроведе преку електронското аплицирање кое овозможи зголемување на ефикасноста во делот на обработката на барањата кои беа обработени во рекордно краток временски период од 2 месеци. Исто така е воведено и елекстронско аплицирање за подигање на овошни и лозови насади, набавка на добиток и пчелни матици. Директорката додаде дека во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се прават напори да се алоцираат дополнителни 180 милиони денари за оваа мерка за да може да се склучат договори со уште 500 баратели.

Меѓудругото, директорката го најави и електронското апицирање за субвенции, кое се очекува да започне следната година, а во тек е тендерска постапка за избор на економски оператор што ќе го изработи модулот за електронско аплицирање за директни плаќања.